Front 21/42 www.front.org.mk
Headquarters: Vladimir Komarov 13/22, 1000 Skopje / Office: Orce Nikolov 83a, 1000 Skopje
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

**“Активистите и еколошкото право”**
Градење на капацитетите на еколошките организации од Западен Балкан за искористување на националното и Европското еколошко право*

*Овој документ беше реализиран со финансиска поддршка од Европската Комисија. Содржината на овој документ ги одразува ставовите и мислењата само на Фронт 21/42, и во ниедна смисла не ги одразува ставовите и мислењата на Европската Комисија.

# ГЕНЕРАЛНИ ПРАВНИ СТРАТЕГИИ

**За заштита на животната средина, апликативни во Република Македонија**

## Вовед

Генералните правни стратегии во овој документ се базираат на еколошките случаи кои беа идентификувани за време на процесот на селекција на случаи за анализа – една од активностите на проектот „Активистите и еколошкото право“. За потребите на селекцијата Фронт 21/42 испрати едноставни прашалници до еколошките организации во Македонија, со следниве прашања:

- Доколку сметате дека постои одреден проект на локално или државно ниво, во кој би сакале да делувате превентивно (да спречите негативно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето) ве молиме на кратко опишете за каков проект станува збор;
- Зошто предложениот случај сметате дека е важен за вас/вашата организација?
- Која е крајната цел  која би сакале да ја постигнете во случајот?
- Дали досега некој (вие/вашата организација, локално население, друга НВО, итн) има преземено некакви активности во врска со проблемот и каков е исходот од истите?

Ги добивме следниве случаи:

- Рафинерија Окта;
- Топилница Велес;
- Коридор 10 (Смоквица – ДемирКапија делница)*;
- Програма за регионални патишта на Министертсвото за транспорт.

Фронт 21/42 додаде уште два случаи кон оваа листа: Цементарница Усје и Нацрт Националната Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија во периодот 2008-2020, со визија до 2030.

** Проектот Коридор 10 беше подоцна исклучен од анализите бидејќи доби позитивна разрешница*

**Методологија**

Цо цел да се дефинираат генерални правни стратегии кои се базираат на вистински случаи и околности во Македонија, овие шест случаи беа поделени во две категории:

1. **Случаи кои се однесуваат на конкретни проекти (Окта, Топлиница, Усје);**
2. **Случаи кои се однесуваат на планови (Програмата за регионални патишта на Миниситерство за транспорт и врски, националната енергетска стратегија).**

Првата категорија, понатаму беше поделена на:

- **извори на загадување кои се оперативни (на пр. Окта)**
- **извори на загадување кои не се оперативни (на пр. Топилница)**

Во овој документ ќе ги анализираме правните стратегии за:

- првата категорија на случаи (кои се однесуваат на конретни проекти), и тоа оние кои се оперативни; и
- случаи кои се однесуваат на планови.

Правниот тим на Фронт 21/42 изготви детална и обемна анализа на случајот Топилница, која многу лесно може да се воопшти и искористи за останати не-оперативни извори на загадување.

## 1. Правни стратегии за големи индустриски загадувачи

### 1.1. Општи карактеристики:

Поголемиот дел... 

Повеќето од постоечките големи индустриски загадувачи во Македонија се во сопственост на странски компании (Окта, Фени, Усје, Миталстил, Макстил, итн);

Повеќето од големите индустриски капацитети имаат тенденции да ги прекршуваат еколошките закони;

Сите големи индустриски капацитети имаат големо негативно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето;

Во повеќето случаи загадувањето кое го предизвикуваат овие капацитети го привлекува вниманието на медиумите;

Вообичаено локалното население ги поддржува активностите на еколошките организации поврзани со конкретниот објект;

Овие капацитети имаат повластен третман од страна на државата поради економски причини.

### 1.2. Можни цели во правната кампања:

Многу е важно да ги дефинирате јасно целите на вашата кампања. Кога станува збор за големите индустриски загадувачи, можни цели би биле:

- да се намали загадувањето до законски нивоа;
- да се постигне правен преседан;
- да се подигне свеста за еколошките права;

- да се подобри учеството на јавноста и транспарентноста во носењето на одлуки.

### 1.3. Важни општи факти:

- Во согласност со Законот за животна средина (Член 95) **сите големи индустриски капацитети во Македонија имаат поднесено барање за А-интегрирана дозвола** поконретно за Дозвола за усогласување со оперативен план, (крајниот рок е 31ви Декември, 2009);

  Сите Барања за дозвола може да се најдат на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање

  link: www.moepp.gov.mk/defaultMK.asp?ItemID=DE84F268FOD70441B789FE4D647E2FE2)

  Сите Барања содржат нацрт оперативен план, предложен од операторот. Во овој план се содржат главните насоки и мерки за технолошко подобрување и овој план е главната тема околу која се водат преговорите меѓу компанијата и одговорните во Министерството. Процедурата за добивање на дозвола има две фази: Нацрт дозвола (во која се содржи и деталниот Оперативен План, онака како што го одобриле надлежните) и финална Дозвола  Многу е важно да се знае дека Нацрт дозволата мора да биде објавена на веб страната на Министерството за животна средина и во најмалку еден национален дневен весник мора да има соопштение дека е објавена. Ова е исклучително важна можност за сите граѓански здруженија, бидејќи, во согласност со законот, засегнатата јавност има право да испрати коментари и мислења за Нацрт дозволата;

- Во повеќето случаи постојат научни и други информации за загадувањето кое го предизвикуваат големите капацитети. Можеби нема да бидат исцрпни и/или нема да биде лесно да се дојде до нив, но има разни начини да се дојде до податоци. Првиот чекор, се разбира, е да се повикате на Архуската Конвенција и да ги побарате од надлежните.

  Колку повеќе информации соберете, толку повеќе шанси за успешна кампања.

  ***Неколку совети за истражување:*** *побарајте независни експерти (локални, на пример доктори, експерти кои некогаш работеле во компанијата, итн. Но побарајте и експерти надвор од земјава); побарајте помош од искусни НВО мрежи (E-law, Bankwatch, J&E, FoE, Greenpeace, WWF,како и од регионални мрежи), истражувајте преку медиумите и интернет.*

### 1.4. Расположиви правни алатки:

Најважниот дел од правната кампања е да се направи темелна анализа на постоечките закони во земјата (Фронт 21/42 направи обемна анализа на правните алатки кои може да се искористат за превентива на штета врз животната средина и здравјето, а кои

постојат во легислативата на Македонија. Анализата може да ја симнете од: www.front.org.mk). Направете и анализа на меѓународното право (на пр. Архуска Конвенција, Европска Конвенција за Човекови Права, итн).

Некои од вообичаените правни алатки за постоечките индустриски капацитети вклучуваат:

### 1.4.1. Национални правни алатки

- **Административно право**:

  ИСКЗ (интегрирано спречување и контрола на загадување)– проверете ја законитоста на целата процедура на издавање дозвола (на пример објавата на Барањето, содржината на Барањето, учеството на јавноста, нацрт дозволата, итн); проверете кои се дозволи се потребни за конкретниот капацитет (и доколку некои недостасуваат – побарајте ги). Добро проанализирајте ги сите дозволи кои треба да се интегрираат. За сите прекршувања на законот кои сте ги откриле може да поднесете административна жалба. Доколку жалбата не биде успешна, може да поднесете тужба до Управен суд. За време на управната постапка постои можност за привремена мерка за заштита со која се стопираат загадувачките активности на капацитетот.

- **Граѓанско право**:

  Граѓанските здруженија не може самите да поднесат граѓанска тужба, но може да им обезбедат правна помош на граѓаните кои имаат основа за граѓанска постапка. Можни граѓански постапки вклучуваат: повреда на личен имот, рехабилитација и надомест на штета. За време на граѓанската парница тужителот може да побара привремена мерка за заштита и привремено да ги стопира загадувачките активности на својот имот.

- **Кривично право:**

  Кривичните и прекршочните постапки се во надлежност на Јавниот обвинител. Сепак, доколку некои организации и/или граѓани имаат информации (или докази) за загадување кое е опфатено со кривичниот закон, може да поднесат Иницијатива за кривична или прекршочна постапка до Јавниот обвинител.

### 1.4.2. Меѓународни правни алатки

За време на ИСКЗ процедурата организациите може да ги искористат и одредбите на Архуската конвенција. Поконкретно конвенцијата може да се искористи доколку не сте добиле информации од надлежните, доколку одговорните не обезбедиле навремени и точни информации и/или не ви биле овозможени услови за учество во донесувањето на одлуката (на пример вашето барање за јавна расправа било одбиено, коментарите кои сте ги доставиле не биле земени во предвид, итн). Во овој случај може да поднесете жалба до Жалбениот Комитет на Архуската Конвенција во Женева.

Кога станува збор за граѓанска постапка, доколку не успеат националните правни процедури, граѓаните може да поднесат жалба до Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

### 1.5. „Меки“ правни алатки

Во некои случаи, особено доколку станува збор за голема меѓународна компанија, може да искористите меки алатки, како на пример Општествена Корпоративна Одговорност. Проверете ја политиката за Општествена Корпоративна Одговорност на конкретната компанија (секогаш се наоѓа на нивната веб страна), идентификувајте ги прекршувањата на таа политика во реалниот живот, испратете писмо до седиштето на компанијата и известете ги медиумите за тоа. Прекршувањата кои сте ги откриле може да ги искористите во медиумска кампања, но и во правната кампања која се одвива во судовите.

### 1.6. Не-правни алатки: организирање на заедницата:

Иако не се директен дел од правната кампања, за истата да биде успешна многу е важно да обрнете посебно внимание на организирање на заедницата. Во текот на оваа фаза ќе треба да:

- Направите детална анализа на засегнатите страни – за оваа цел направете листа на сите засегнати страни во конкретниот случај. Потоа обидете се да ги класифицирате во три групи: поддржувачи на вашата кампања (на пример овде би можеле да спаѓаат локалното население, локалните здруженија, Народниот правобранител, Европските еколошки организации, итн), оние кои се неутрални во однос на вашата кампања (на пример овде би можеле да влезат: пошироката јавност, пошироката јавност во државата од која потекнува компанијата, итн), и оние кои се противници на вашата кампања (како што е, на пример загадувачот);

- Направете план како да ги задржите поддржувачите и да ја зголемите оваа листа, како и како да „претворите“ што повеќе неутрални во поддржувачи. За оваа цел треба да направите детална анализа на секоја засегната страна посебно. Совети: обидете се да ја добиете и задржите поддршката на локалното население (тоа е многу важен партнер); вклучете ги неактивните локалци; лобирајте кај неутралните, обезбедете правна помош за локалното население (ИСКЗ, граѓанска постапка, итн); вашата анализа на случајот испратете ја до медиумите, до професори, научници, судии, итн; организирајте јавни трибини за корпоративна општествена одговорност на индустријата.

## 2. Национални планови

### 2.1. Општи карактеристики:

Некои национални планови може да имаат многу поголем негативен ефект врз животната средина од конретните проекти поради нивниот голем обем во време, простор и проекти кои ги предвидуваат;

Обично плановите не го привлекуваат вниманието на медиумите и јавноста поради својата апстрактна природа;

Многу често во овие планови се преферира економијата пред заштитата на животната средина.

Во Македонската легислатива има одредби кои го регулираат донесувањето на националните планови.

**2.2. Можни цели во правната кампања:**

- Планот да биде еколошки одржлив и да промовира „зелени решенија“;
- Да се привлече вниманието на јавноста кон планот;
- Да се осигура дека самиот план и постапката за негово донесување се во согласност со законите.

**2.3. Факти кои се познати:**

- Постои Национален план за пристапување и апроксимација на Македонија кон Европската Унија кој се ревидира секоја година. Вообичаено стратешките документи кои се планира да се усвојат се најавени во овој план. Ова е многу корисно за навремено да се припремите;
- Се знае кој и кога ги прави плановите;
- Сите планови мора да бидат во согласност со НЕАП (Национален Еколошки Акционен План) и ЕУ стандардите.

**2.4. Факти кои треба да се испитаат:**

- Конкретни податоци за еколошките прашања/теми поврзани со конретниот план;
- Научни и други податоци за најдобрите практики/ позитивни примери кои се поврзани со конкретниот план.

**2.5. Правни алатки**

**2.5.1. Национални правни алатки:**

- СОЖС (стратешка оцена на животната средина) – стратешката оцена на влијанието на конретниот план врз животната средина, која мора според Законот за животна средина да се спроведе за одредени планови, е одлична можност за вклучување на граѓанските здруженија. Здруженијата треба да ги искористат сите расположиви законски можности за учество на јавноста; да ја ревидираат СОВЖС постапката и доколку откријат прекршувања – да поднесат жалба до Управен суд;
- Иницијатива до Уставен суд – доколку конкретниот план не е во согласност со постоечките закони и/или меѓународните конвенции кои Македонија ги ратификувала, здруженијата може да поднесат

иницијатива за преиспитување на уставноста на планот пред Уставниот суд;

- Референдум/ граѓанска иницијатива – за некои планови организациите може да ја искористат законската можност за организирање на локален или национален референдум (на пример за Енергетска стратегија која предвидува нуклеарна централа), или да поднесат граѓанска иницијатива.

### 2.5.2. Меѓународни правни алатки

Архуски Жалбен Комитет – доколку за време на донесувањето на Нацрт планот и СОВЖС не им била дадена можност за учество (надлежните не ги објавиле документите како што налага законот, или не овозможиле начини за јавноста да достави свои коментари, мислења, или овозможиле услови ама не и доволно време, или не ги земале во предвид доставените коментари, итн) – здруженијата може да поднесат жалба до Архускиот Жалбен Комитет.

ЕСПОО Конвенција - сите планови и програми кои вклучуваат проекти кои може да имаат прекугранично влијание треба да бидат во согласност со Еспоо конвенцијата. Организациите не може директно да се обратат до Комитетот за Имплементација на оваа конвенција, но може да побараат прекугранични консултации и/или комуникација до Комитетот преку надлежните. Оваа можност може да се искористи во соработка со организациите од соседните држави.

### 2.6. Не-правни алатки

Како и во претходниот случај, и овде е корисно и мудро да се искористат и алатки кои не се правни. Некои од овие алатки вклучуваат:

- Детална анализа на засегнатите страни – важат истите правила како и во претходниот случај;
- План за задржување на поддржувачите, проширување на нивната листа и претварање на што повеќе неутрални во поддржувачи. Совети: мобилизирајте ја пошироката јавност преку заедниците кои ќе бидат најзасегнати од спроведувањето на планот; организирајте јавни дебати (Про-еколошки научници против Не-еколошки научници, „стара бизнис школа“ против „нова, зелена бизнис школа“, итн); поврзете се со регионалните еколошки организации.

Ноември, 2009

Александра Бујароска, Бојан Богевски

Под менторство на

Radek Motzke

Правник,

EPS Чешка

Право и животна средина, Европска мрежа на еколошко-правни организации